РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-4562/2

17-12-2020 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција на подносителот -------- --------------- од ----------, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на продолжението на 42-та седница одржано на ден 11.12.2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата за корупција бр. 12-4562/1 од 01.10.2019 година, на подносителот -------- --------------- од ----------„ **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување по предметот со број 12-4562 од 2019 година оформен по пријава бр. 12-4562/1 од 01.10.2019 година, а предметот ќе го достави на надлежно постапување на друг надлежен орган.

Предметот со број 12-4562 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-4562 од 2019 година е оформен по пријава бр. 12-4562/1 од 01.10.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на подносителот --------- --------------- од ----------„.

Во доставената пријава изнесени се наводи за незаконитости во работењето на АД Пелагонија – Гостивар. Подносителот на пријавата е акционер во наведеното акционерско друштво и е незадоволен од неговото работење во времето кога наведената фирма ја раководел ------ ----------, сега покоен, а која ја наследил неговиот син ------------------ ---------------.

По однос на незаконитото работење на наведеното лице ------- -----------, од страна на подносителот ------------имало обраќање до Управата за јавни приходи за испитување на неговата имотна состојба, поради сомневање дека стекнувањето на дел од неговиот имот било поврзано со незаконита зделка со КФОР – Француската бригада во која бил склучен договор за испорака на природен толченик од каменоломот на Пелагонија во Гостивар и материјалот се носел за базата Бонстил на Косово, а од која зделка, според подносителот, наведеното лице се стекнал со голема сума на пари со кои купил машини за каменоломот во сопственост на неговиот син. Понатаму, подносителот наведува дека од

наведеното лице намерно се блокирала сметката на АД Пелагонија за да се префрлаат пари на фирмата „-----------" од Гостивар, во сопственост на неговиот син.

Подносителот од ДКСК бара да се испита недвижниот и движен имот на лицето ------------ -------------- и да се провери како истиот бил стекнат.

Од извршени проверки ДКСК дојде до сознанија за следното:

- Во евиденцијата на податоци објавени на веб страниците на УЈП и ЦР на РСМ има податоци за Друштво за инженеринг, градежништво и трговија ------- --------- ДООЕЛ увоз - извоз Гостивар –во кои ова друштво е евидентирано како друштво со ограничена одговорност на едно лице – во приватна сопственост, со скратен назив ---------, основано на 15.12. 1990година, со статус на мал и активен субјект, во кое како сопственик и овластено лице е запишано лицето ------- -----------.

Исто така има и податоци за Друштво за градежништво, производство и инженеринг увоз -извоз ПЕЛАГОНИЈА АД Гостивар, со статус на голем и активен субјект, со сопственост: НЕДЕФИНИРАНА, со вкупно 1596 акции запишани согласно Законот за трговски друштва, во сопственост на акционерите на друштвото и во кое како овластено лице и извршен член на одборот на директори е запишано лицето ---- -------- -----------, а како неизвршни членови на одборот на директори се запишани лицата: -------- ---------- ----,----------- ----------------- и ------------- -----------------.

-На веб страницата на АД Пелагонија има соопштение од 16.05.2018 година во кое се наведува дека на 18.04.2018 во просториите на општина Маврово и Ростуше се потпиша договорот помеѓу Градоначалникот на општина Маврово и Ростуше ------- ------------- и Генералниот директор на ПЕЛАГОНИЈА АД Гостивар ----------- ------------ за изградба на нова Општинска зграда во с. Ростуше со.....

-На страницата на Македонска Берза на 31 јули 2020 година објавени се Ревидирани финансиски извештаи за Пелагонија АД Гостивар односно, објавен е Финансиски извештај за 2019 година и извештај на ревизорот за АД Пелагонија Гостивар , во кој во делот Општи податоци за Друштвото на 10-та страна како Лице овластено за застапување - Генерален директор и Извршен член на Одборот на директори е наведено лицето ----------- -------------.

При разгледувањето на наводите содржани во пријавата, ДКСК ги зема во предвид наводите на подносителот при што констатира дека во предметниот случај станува збор прашање кое не е во надлежност на постапување на ДКСК *односно, станува збор за барање да се испита недвижниот и движен имот на лице кое не е избрано и именувано лице туку кое е директор на трговско друштво во приватна сопственост* , по што оцени дека друг орган е надлежен да постапува по предметниот случај а Државната комисија нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај, доставената пријава се отфрла, а предметот се затвора и се архивира. Воедно, предметната пријава ќе се достави на надлежно постапување на друг надлежен орган - Управата за јавни приходи, за да изврши контрола на материјално - финансиското работење на наведениот правен субјект АД и доколку констатира неправилности против одговорното лице во трговското друштво, односно членовите на органот на управување во правното лице, да покрене соодветна постапка.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 14 декември 2020 година под бр. 12- 4562/2**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до : Архива и ПодносителПо заклучок на ДКСК,
Изработил: Ј.Ц, советник
Одобрил : м-р В.Г. ,член на ДКСК